Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управата ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00) и член 53 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/98), Министерството за образование и наука, распишува

# **КОНКУРС**

## за доделување студентски кредити за учебната 2007/08 година

За учебната 2007/08 година Министерството за образование и наука ќе додели:

- 1.360 студентски кредити за редовни студенти, кои студираат на државните универзитети во Република Македонија;
- 240 студентски кредити за редовни студенти, кои студираат на приватните универзитети и факултети во Република Македонија;

## УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТУДЕНТСКИ КРЕДИТ

Право на студентски кредит имаат кандидатите кои студираат на државните високие школи и факултети во Република Македонија.

I/1. За студенти од:

- Архитектонски факултет
- Факултет за биотехнички науки
- Градежен факултет
- Електро-технички факултет
- Машински факултет
- Природно-математички факултет
- Рударско-геолошки факултет-Штип
- Технички факултет – Битола
- Технолошко-металуршки факултет
- Факултет за земјоделски науки и храна
- Шумарски факултет

потребно е да ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни студенти ;
2. Да има постигнат просечен успех од I, II, III, IV и V година на студии најмалку 7 (седум) и имаат положено најмалку 90% од испитите од претходните години;
3. Месечните приходи по член на семејството да не се поголеми од 4.500,00 денари од работен однос, 1.000,00 денари од занаетчиска дејност и 800,00 денари од катастарски приходи;
4. Да не повторувале година во текот на образованието;
5. Да не се корисници на стипендија или кредит од други институции или фирми;
6. Да се државјани на Република Македонија.

I/2. За студенти кои студираат на останатите државните високи школи и факултети, кои што не се спомнати во точка I/1 потребно е да ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни студенти;

2. Да има постигнат просечен успех од I, II, III, IV и V година на студии најмалку 7,5 и имаат положено најмалку 90% од испитите од претходните години;

3. Месечните приходи по член на семејството да не се поголеми од 4.500,00 денари од работен однос, 1.000,00 денари од занаетчиска дејност и 800,00 денари од катастарски приходи;

4. Да не повторувале година во текот на образованието;

5. Да не се корисници на стипендија или кредит од други институции или фирми;

6. Да се државјани на Република Македонија.

I/3. За студенти кои студираат на приватните високи школи и факултети, потребно е да ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни студенти;

2. Да има постигнат просечен успех од I, II, III, IV и V година на студии најмалку 7,5 и имаат положено најмалку 90% од испитите од претходните години;

3. Месечните приходи по член на семејството да не се поголеми од 4.500,00 денари од работен однос, 1.000,00 денари од занаетчиска дејност и 800,00 денари од катастарски приходи;

4. Да не повторувале година во текот на образованието;

5. Да не се корисници на стипендија или кредит од други институции или фирми;

6. Да се државјани на Република Македонија.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Начинот на пријавување на кандидатите е преку електронската пријава поставена на веб страната http://www.raspredelba.gov.mk, почнувајќи од 15.10.2007 година до 31.10.2007 година.

Прелиминарниот список ќе се објави на 05.11.2007 година.

**МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ**

Кандидатите од прелиминарниот список, кој ќе биде објавен на веб страната на Министерството за образование и наука www.mon.gov.mk, до Министерството за образование и наука, ул.Пролет бр.1 – Скопје треба да достават:

1. Индекс на увид;

2. Потврда за редовно запишан зимски семестар за учебната 2007/08 година за студентите од **II, III, IV, V** и **VI** година, како и уверение со бројот на **предвидените и положените испити** од претходните години, во кое ќе биде наведено дека кандидатот **има положено 90% од испитите од претходните години**;

3. Уверение од управата за приходи на општината за материјалната положба на родителите - старателот на кандидатот;

4. Уверение од управата за приходи на општината за материјалната положба на кандидатот;

5. Лична изјава на кандидатот дека не е корисник на друга стипендија или кредит;

6. Потврди за остварените приходи на вработените членови на семејството (за пензионираните испратница од пензија) за месец август 2007 година или доколку за овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последната исплатена плата. За невработените членови на семејството, да се достави потврда од Заводот за вработување дека се невработени или примаат-непримаат паричен надоместок (во потврдата да биде наведен износот на паричниот надоместок, доколку го примаат), додека за учениците и студентите потврди од училиштето, односно факултетот;

7. Уверение за државјанство на Република Македонија.

Студентите од II година кои се постари од 22 години и дипломирале на еден факултет немаат право да конкурираат за студентски кредит, како и студентите кои веќе еднаш користеле стипендија и студентски кредит.

**Документите на кандидатите од прелиминарниот список, кои се некомплетни и неблаговремено доставени, односно не ги запазиле конкурсните рокови и услови, нема да се рангираат.**

**ВИСИНА НА СТУДЕНТСКИ КРЕДИТ**

Висината на студентскиот кредит за учебната 2007/08 год. ќе изнесува 2.200,00 денари месечно.

Студентскиот кредит се доделува за толку семестри колку се предвидени со општиот акт на соодветната високообразовна установа, **без апсолвентски стаж за студирање**, а се исплатува во месечни рати, за 9 месеци во текот на година.

**Конечните резултати од конкурсот ќе бидат објавени на веб страната на Министерството за образование и наука** www.mon.gov.mk.

**НАПОМЕНА: Корисниците на студентски кредит или студентска стипендија од претходните години потребната документација, согласно потпишаниот договор со Министерството, за продолжување на истите да ја доставaт најдоцна до 30.11.2007 година.**